„Мојот хауд е широк колку растојание од еден месец. Неговата вода е побела од млекото, а мирисот му е поубав од мошусот

Абдуллах бин Амр, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Мојот хауд е широк колку растојание од еден месец. Неговата вода е побела од млекото, а мирисот му е поубав од мошусот. Чашите му се бројни како ѕвездите на небото. Кој ќе се напие од него, никогаш нема да ожедни.“

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известува дека има посебен хауд (базен односно езерца) на Судниот ден, долг и широк колку што се поминува за еден месец патување. Водата му е побела од млекото, а мирисот поубав од мошусот. Чашите му се бројни како и ѕвездите на небото. Кој ќе се напие од тој базен, никогаш нема да ожедни.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65030